Врз основа на член 20, 21 и 22 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетска дејност (Службен весник на РМ бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Никола Тесла бр. 22, Скопје, Република Македонија, го објавува следното:

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известува јавноста дека Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Никола Тесла бр. 22, Скопје, на ден 17.11.2017 година поднесе барање за издавање на лиценца за трговија со електрична енергија заведено под број УП 1 бр.12-186/17 до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

<u>Назив на барателот:</u>
Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје.

<u>Вид на енергетска дејност:</u>
Трговија со електрична енергија.

<u>Подрачје каде ќе се врши дејноста:</u>
Енергетската дејност трговија со електрична енергија Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје ќе ја врши согласно одредбите од Законот за енергетика.

<u>Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:</u>
Енергетската дејност трговија со електрична енергија Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје ќе ја врши согласно одредбите од Законот за енергетика.

<u>Времетраење на лиценцата:</u> Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје до Регулаторна комисија за енергетика поднесе барање за издавање на лиценца за период од 10 (десет) години.

<u>Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца:</u>
Заинтересираните страни, правни и физички лица можат по писмен пат да достават до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценца за трговија со електрична енергија во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на ова известување за барање за издавање на лиценца за трговија со електрична енергија во дневен печат.

Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРГИА ГАС ЕНД ПАУЕР ДООЕЛ Скопје
седиште на ул. Никола Тесла бр. 22, Скопје, Република Македонија